Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/20

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 март 2020 година**

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2020 година**

Седницата започна во 19:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Хусни Исмаили, министер за култура.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записникот од 18-та седница на Владата, одржана на 13 март 2020 година

✓ Усвојување на Записникот од 19-та седница на Владата, одржана на 14 март 2020 година

1. Записник од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 март 2020 година

2. Записници од Првата и Втората седница на Главниот штаб во Центарот за управување со кризи, во врска со постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, во општините Дебар и Центар Жупа за справување со ширењето на Коронавирусот, одржани на 13 и 15 март 2020 година, со Акциски план

3. Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржана на 16.03.2020 година

4. Компаративна анализа подготвена од Секретаријатот за европски прашања, за сите преземени мерки и начинот на нивното спроведување во врска со Коронавирусот во земјите со висок и среден ризик

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација за увоз и извоз на прехранбени производи

8. Предлог-одлука за замрзнување на цените на основните продукти

9. Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата орджана на 13.3.2020 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 18-та седница на Владата, одржана на 13 март 2020 година и Записникот од 19-та седница на Владата, одржана на 14 март 2020 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 март 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи и Министерството за здравство да ја разгледаат можноста преку соодветен начин сите лица кои се затекнати во своите викенд куќи за одмор и рекреација кои се наоѓаат внатре во подрачјата на општините на кои постои кризна состојба или во непосредна околина на истите (Маврово и Ростуша), безбедно да ги напуштат своите викенд куќи за престој, по претходна проверка од страна на епидемиолози.

   Доколку не е можно спроведување и реализирање на оваа мерка, да се преземат мерки и активности од надлежните институции за редовен дотур на храна и продукти неопходни за овие лица.

2. Се затвораат сите гранични премини во Република Северна Македонија за премин на странски државјани – патници и возила, освен за влез и транзит на товарни возила, за претставниците од дипломатскиот кор во Република Северна Македонија, како и за други лица, за кои Министерството за внатрешни работи ќе даде дозвола по претходно мислење од Главниот координативен кризен штаб кој ќе потврди дека постои посебен државен или економски интерес. Овие товарни возила и лица ќе влезат во Република Северна Македонија според посебни услови за заштита согласно протоколот на Министерството за здравство.

3. Се затвора Меѓународниот Аеродром Скопје и граничниот премин на овој аеродром по истек на 48 часа од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, освен за државни, воени, хуманитарни, болнички, карго и летови без патници за позиционирање на

воздухоплови, со претходна најава до аеродромскиот оператор ТАВ Македонија ДООЕЛ, а АД М-НАВ Скопје да издаде НОТАМ препорака за истото.

4. Согласно мерките од заклучоците бр. 3 и 4, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

5. Се задолжува Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат, за професионалните возачи на товарните возила кои влегуваат во Република Северна Македонија да издадат посебна дозвола или посебен здравствен протокол со кој ќе се обезбеди посебен здравствен и протоколарен режим на влез во државата на овие лица. Претходно дадената лична изјава се смета за неважечка.

6. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за транспорт и врски, заеднички да ги разгледаат можностите за враќање на државјаните на Република Северна Македонија кои се затечени на аеродромите во Загреб, Истанбул, Виена и Варшава, односно со автобуски превоз овие државјани да бидат донесени во Република Северна Македонија.

7. Да се препорача на Судскиот совет и на Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја разгледаат можноста и да препорачаат на претседателите на судовите да направат план за одложување на судењата, со исклучок на оние судски предмети кај кои постои потреба од итност на постапување, како што се предмети кои се пред застарување, предмети во кои се изречени мерки притвор или други мерки за обезбедување на присуство, како и предмети кај кои сериозно би било нарушено правото на судење во разумен рок, предмети кои се стасани до изрекување пресуди, предмети за кои се одлучува без јавна расправа и сл.

8. Да се препорача на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Адвокатската комора во Република Северна Македонија и Комората на извршители на Република Северна Македонија да ги спроведуваат сите мерки, заклучоци и препораки донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија.

9. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, возилата на граничната полиција да ги стави на располагање за потребите на Армијата на Република Северна Македонија за мобилните патроли во граничните предели.

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги интензивира контролите и проверките на лицата кои се упатени да спроведат самоизолација и за почитување на мерките на Владата и за истото да ја известува Владата на дневна основа.

11. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на дневна основа да ја известува Владата за исходот од извршените контроли на граничните премини, бројот на контроли и издадените дозволи.

12. Се укажува на Железници на Република Северна Македонија, Транспорт АД Скопје, по принципот на донесените одлуки од ЈСП Скопје, времено да ги прекинат мерките кои се однесуваа на бесплатните билети и бесплатниот превоз за возрасни лица.

13. Сите неопходни и итни потреби и набавки на сите државни институции во Република Северна Македонија, поврзани со обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, институциите да ги извршат со финансиски средства од сопствениот буџет за 2020 година.

14. Да се упати апел до граѓаните во Република Северна Македонија, да не патуваат надвор од државата.

15. Владата ги прифати Препораките на Министерството за здравство за превозниците кои патуваат во средно и високо ризичните земји.

16. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи, Изјавите за самоизолација да ги преведат и на албански јазик.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Записниците од Првата и Втората седница на Главниот штаб во Центарот за управување со кризи, во врска со постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, во општините Дебар и Центар Жупа за справување со ширењето на Коронавирусот, одржани на 13 и 15 март 2020 година, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата го разгледа Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржана на 16 март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Компаративната анализа подготвена од Секретаријатот за европски прашања, за сите преземени мерки и начинот на нивното спроведување во врска со Коронавирусот во земјите со висок и среден ризик, како материјал за информирање.

**Точка 5**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за увоз и извоз на прехранбени производи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Согласно предлогот на Работната група составена од претставници на Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи и Царинската управа на Република Северна Македонија, се воведува забрана за извоз на пченица и брашно од пченица кон сите земји за неограничено време.

- Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и Царинската управа на Република Северна Македонија, да ги преземат сите неопходни активности со цел спроведување на оваа мерка, односно до Владата веднаш да достават соодветна Предлог-одлука, а Министерството за финансии и Министерството за економија од Државната комисија за спречување на корупцијата на Република Северна Македонија да обезбедат позитивно мислење.

2. Се задолжуваат Царинската управа на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство во наредниот период од три дена да го следат трендот на извоз на рафинирано сончогледово масло за јадење, ориз, кондиторски и пекарски производи (тестенини, бисквити и слично) и за истото да ја информира Владата еден ден по истокот на овие три дена.

3. Се препорачува на мелничко преработувачката индустрија да ја има предвид безцаринската квота за увоз на пченица од земјите-членки на СТО во количина од 80.000 тони.

4. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, Агенцијата за стоковни резерви заедно со мелничко преработувачката индустрија да ја утврдат моменталната состојба со залихите на пченица и брашно и за истото да ја информираат Владата во рок од два дена.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку мрежата на ДКП-та да упати инструкција со цел обезбедување информации на дневна основа заради следење на воведувањето на евентуалните забрани на увоз и извоз на стоки кон Република Северна Македонија.

6. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да изврши вонредна контрола на магициниte и дистрибутивните центри со цел да ја утврди ситуацијата за можни скриени залихи на основни прехрамбени производи и воедно да ја следи ситуацијата од аспект на несоодветно покачување на цените и за истото редовно на секои три дена да ја информира Владата во врска со ова прашање.

7. Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви во рок од три дена да изврши контрола на складиштата на пченица и другите прехрембени артикли согласно Закон и за истото да ја извести Владата.

8. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и Агенцијата за стоковни резерви да изработат листа на прехрамбени производи коишто би биле предмет на евентуален интервентен увоз во рок од пет дена.

9. Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви до Владата веднаш да достави листа на стоки кои ги има на залиха со податоци за количина.

10. Се задолжува Министерството за економија веднаш да достави до Владата предлог за ослободување 100% од царински давачки за производите наведени во Прилог 1 на оваа информација и да обезбеди позитивни мислења од Министерството за финансии, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и Државната комисија за спречување на корупцијата на Република Северна Македонија.

## Точка 8

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за замрзнување на цените на основните продукти и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата одржана на 13.3.2020 година, со извештаи од Државниот санитарен и здравствен инспекторат (15 и 16 март 2020 година), како материјал за информирање.
Истовремено, Владата го задолжи Секторот за односи со јавноста при Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја информира јавноста во врска со ова прашање.

*
*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 20:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |